MQS
Partner of Quality Austria

Бр. 12-3305/2
21-11-2019 год.

# РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
## - ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА -

Врз основа на член 22 став и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019), Државната комисија за спречување на корупцијата постапувајќи по пријава за корупција од подносителот ------------------- од С-------, на 24-та седница одржана на ден 15 ноември 2019 година донесе

**Одлука**

Пријавата за корупција бр. 12-3305/1 од 26.06.2019 година, доставена од подносителот ------- ------------ од С-------, **СЕ ОТФРЛА**.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за надлежно постапување по предметот со број 12-3305 од 2019 година.

Предметот со број 12-3305 од 2019 година да се затвори и да се архивира.

До подносителот на пријавата да се достави Одлуката на ДКСК, со образложението.

Одлуката на Државната комисија за спречување на корупцијата, со образложението - во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

Образложение

Предметот со број 12-3305 од 2019 година е оформен врз основа на пријава бр. 12-3305/1 од 26.06.2019 година, доставена до Државната комисија за спречување на корупцијата од познат подносител ------- ------------ од С-------.

Во доставената пријава се содржани наводи за непрофесионално однесување на службеници во државните институции до кои била поднесена претставка против сопствениците на Прилепска Пиварница АД Прилеп за мито, корупција, криминал и прикривање на ДДВ и за незадоволство од донесена пресуда на Основен суд Прилеп во 2003 година. Во врска со предметните наводи подносителот на пријавата се обратил до повеќе надлежни институции во државата но не е задоволен од нивното постапување односно непостапување по неговите претставки.

По разгледувањето на содржината на пријавата, Државната комисија за спречување на корупцијата констатира дека во конкретниот случај настапила застареност поради објективни причини, по што оцени дека Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за свое надлежно постапување во конкретниот случај.

Имајќи го предвид погоре наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**Одлучено на ден 15 ноември 2019 година под бр. 12- 3305/2**

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател**
**Билјана Ивановска**


Република северна Македонија
Државна комисија за спречување на корупцијата
Даме Груев бр.1, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3215 377
www.dksk.mk